Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 25 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Старо Нагоричане (Службен гласник на Општина Старо Нагоричане бр.9/04, 2/11, 15/14 и 6/19) и член 34 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.61/04..173/22), Советот на Општината Старо Нагоричане, одлучувајќи по предлог - годишниот извештај, изготвен од раководителот на одделение за финансиски прашања, доставен од Градоначалникот на Општина Старо Нагоричане, на својата 23-та седница одржана на ден 09.03.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за усвојување на годишен извештај**
**на Општина Старо Нагоричане за 2022 година**

**Член 1**

Се усвојува предлог - годишниот извештај на Општина Старо Нагоричане за 2022 година.

**Член 2**

Годишниот извештај на Општина Старо Нагоричане за 2022 година е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Старо Нагоричане да ја спроведе одлуката.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Старо Нагоричане.

**Бр.08-9/89**
**09.03.2023 година**
**Старо Нагоричане**

**Совет на Општина Старо Нагоричане**
**Претседател,**
**Сашка Крстевска – Павловска**